СО ДИЈАЛОГ КОН ЕУ

ЛОКАЛНА СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

# СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ ГОСТИВАР

ЕУ со ТЕБЕ

Проектот е финансиран од Европска Унија

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

РЕАКТОР истражување во акција

ЕВРОТИНК ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ
CENTER FOR EUROPEAN STRATEGIES EUROTHINK

Локална студија на случај:

# Средно општинско училиште – Гостивар

д-р Борјан Ѓузелов

**Локална студија на случај:Средно општинско училиште – Гостивар**

**ИЗДАВАЧ:**

Фондација Отворено општество – Македонија

**ЗА ИЗДАВАЧОТ:**

Фани Каранфилова – Пановска, извршна директорка

**АВТОР:**

Борјан Ѓузелов

**УРЕДНИЦИ:**

Нада Наумовска

Сандра Анастасовска Кузмановски

Данче Даниловска - Бајдевска

**ГРАФИЧКА ПОДГОТОВКА:**

Бригада Дизајн

**ЛЕКТУРА И ПРЕВОД:**

Абакус

Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

616.98:578.834]:373.5(497.752)(047.31)

ЃУЗЕЛОВ, Борјан

Локална студија на случај [Електронски извор] : Средно општинско училиште - Гостивар / Борјан Ѓузелов. - Скопје : Фондација Отворено општество - Македонија, 2021

Начин на пристапување (URL): https://eur01.safelinks.protection.outlook.com/?url=https%3A%2F%2Fwww.dijalogkoneu.mk%2F&data=04%7C01%7C%7C8b7c1f8127f14c932ece08d960b7d051%7C6dd6692964ee4888a65ab847baf12c47%7C0%7C0%7C637647164860713904%7CUnknown%7CTWFpbGZsb3d8eyJWIjoiMC4wLjAwMDAiLCJQIjoiV2luMzIiLCJBTiI6Ik1haWwiLCJXVCI6Mn0%3D%7C1000&sdata=qH2ecORBQc4MXmCGSWJuqi9g%2BnWn1yKc0FdLW7zVbBQ%3D&reserved=0. - Текст во PDF формат, содржи 20 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 16.08.2021. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-218-333-6

1. Гл. ств. насл.

а) Средното општинско училиште -- Гостивар -- Ковид-19 -- Пандемија -- Превентивни мерки за заштита -- Истражувања

COBISS.MK-ID 54630661

„Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на авторот и не ги одразува ставовите на Европската унија."

Борбата со Ковид 19 ќе биде долготрајна каде за да победиме ќе биде потребен кохерентен системски пристап. Тоа што започнува како здравствена криза многу брзо има образовни и социо-економски импликации врз општеството. Па оттаму доаѓа потребата да се подготват Извештаите за следење на усвоените мерки за справување со кризата предизвикана од појавата на вирусот Ковид-19 и нивното влијание врз секторите здравство, образование и социо-*економски политики на национално и локално ниво* кои нема да се фокусираат само на еден сектор туку ќе придонесат кон креирање на сеопфатни системски решенија.

Дури и во време на вонредна состојба граѓаните треба да се во центарот на справувањето со кризата, додека соодветните решенија мора да се носат на ниво на заедница. Граѓанските организации се најблиску до заедницата, посебно имајќи ги предвид маргинализираните групи. Со цел да се создаде најсоодветен одговор на состојбата предизвикан од пандемијата, граѓанските организации се поттикнати да ги вмрежуваат своите капацитети и да се само-организираат во рамките на структурниот дијалог на локално и национално ниво. Токму затоа Проектот „Дијалог со граѓанските организации – Платформа за структурно учество во ЕУ интеграциите, кој е поддржан од Европската Унија, објави повик за изработка на 6 извештаи за следење на усвоените мерки за справување со кризата предизвикана од појавата на вирусот Ковид-19 и нивното влијание врз секторите здравство, образование и социо-економски политики на национално и локално ниво. Целта на истражувањата е да ги идентификува влијанијата и да ја процени соодветноста на мерките донесени од Владата на РСМ за време на вонредната состојба; да ги поддржи истражувачите и граѓанските организации кои работат на локално и национално ниво; да ги зголеми информациите базирани на докази и да ги зајакне капацитетите на граѓанските организации да учествуваат во секторските политики во услови на криза и за крај да го зајакне и промовира структурниот дијалог помеѓу институциите и граѓанскиот сектор.

Веруваме дека доверливи институции, информирани, консултирани и свесни граѓани и граѓански организации може да го редизајнираат пристапот, да ја проценат кризата и да го предвидат закрепнувањето. Гледајќи низ призмата на влијанието од спроведените политики, оваа публикација е придонес кон намалување на последиците од Ковид 19 кризата врз граѓаните.

Проектот "Дијалог со граѓанските организации – Платформа за структурно учество во ЕУ интеграциите" е спроведуван од Фондација Отворено општество – Македонија во партнерство со партнерство со Центарот за граѓански комуникации (ЦГК) Центар за европски стратегии – Евротинк и Реактор - истражување во акција а финансиски поддржан од Европската Унија.

Една од основните цели на проектот е зголемување на влијанието на граѓанските општество во процесот на пристапување на државата кон ЕУ, преку креирање на јавни политики базирани на докази и преку подготовка на документи за јавни политики за клучните секторски и реформски политики во процесот на пристапување кон ЕУ. Повеќе информации за проектот на www.dijalogkoneu.mk

# ВОВЕД И МЕТОДОЛОГИЈА

Целта на оваа локална студија на случај е обезбедување на детален приказ за состојбите и предизвиците со кои се соочи Средното општинско училиште – Гостивар во процесот на спроведување на мерките донесени од страна на Владата на РСМ за справување со КОВИД–19 пандемијата. Студијата ги анализира ефектите од владините мерки од перспектива на најзасегнатите чинители и крајни корисници: средношколците и наставниот и училишниот кадар. Притоа, студијата има за цел да одговори на следните прашања:

1. Кои беа главните предизвици со кои се соочија учениците и наставниците?
2. Како влијаеше прекинот на наставата врз целокупниот образовен процес во училиштето?
3. Дали училиштето или општината беа консултирани при изготвување на мерките од страна на МОН и Владата? И која беше улогата на локалните граѓански организации и на Унијата на средношколци?

Студијата е фокусирана на начинот на кој владините мерки беа спроведени во пракса и обезбедува критички осврт на наставата на далечина истакнувајќи ги нејзините позитивни и негативни страни. Исто така, во студијата се анализира и комуникацијата помеѓу учениците и наставниот и училишниот персонал. Конечно, студијата дава особен осврт на научените лекции и обезбедува препораки за подобро функционирање на средните училишта.

Изборот на Средното општинско училиште Гостивар за студија на случај е мотивиран од специфичноста на градот Гостивар како средина богата со различности и како град каде што локалната власт е водена од градоначалник кој доаѓа од опозицијата. Овие карактеристики на градот обезбедуваат оптимална комбинација од општи и специфични наоди.

Притоа, општите наоди ќе може во голема мера да се генерализираат и да важат и за други урбани контексти, додека пак специфичните наоди ќе обезбедат дополнителна шареноликост и специфичност на анализираните проблеми.

Врз база на нашите опсервации можеме за утврдиме дека Средното општинско училиште Гостивар претставува значајна образовна институција во локалната заедница, па и пошироко како регионален центар кој нуди гимназиско образование и за учениците во околните општини. Во училиштето се одржува настава на три наставни јазици: албански, македонски и турски јазик и постои хармоничен однос меѓу заедниците. Училиштето често пати е вклучено во донаторски проекти и има добра соработка со граѓанското општество и другите општествени чинители. Во текот на нашата комуникација со претставниците од училиштето, наидовме на голема отвореност, хармонична работна атмосфера и подготвеност за прилагодување кон современите образовни текови.

Наодите се базираат на 10 полу-структурирани интервјуа со наставен и училишен кадар како и на две фокус групи со ученици. Дополнително, беше направено и едно интервју со претставник од општината Гостивар одговорен за Секторот образование. Од вкупните 10 интервјуа во училиштето, три беа направени училишното раководство (директор на училиштето, педагог и психолог) а седум беа направени со професори. За да се обезбеди подобра репрезентативност, при креирање на примерокот особено внимание се посвети на запазување разноликоста на интервјуираните по пол, возраст, етничка припадност и наставен предмет па така примерокот го сочинуваа пет жени и пет мажи од различни возрасни групи кои предаваат различни наставни предмети. Од нив четири лица беа од македонска етничка припадност, четири од албанска етничка припадност и две лица од турска етничка припадност. Фокус групите опфатија вкупно 15 ученици од кои седум машки и осум женски. Првата фокус група се одвиваше на Албански јазик и вклучи седум ученици од албанска националност, додека втората фокус група се одвиваше на Македонски јазик и вклучи четири ученици од македонска националност и четири од турска националност. Податоците добиени од интервјуата и фокус групите се анонимизирани а директните цитати во текстот, онаму каде што тоа беше потребно, се преведени на македонски јазик и минимално редактирани за појасно да ја доловат мисловната целина на испитаниците. Дополнително, локалната студијата црпи информации и од анализата на документи која е дел од националната студија. Конечно, презентираните наоди иако се базираат на ова специфично училиште може да бидат корисни за извлекување на поопшти заклучоци и препораки, особено за училиштата кои што се соочуваат со исти или слични предизвици како оние презентирани во оваа студија.

# ИСТРАЖУВАЧКИ НАОДИ

Со прекинот на наставата со физичко присуство[1], Средното општинско училиште - Гостивар, како и целиот образовен систем се соочува со историски најголем предизвик до сега. Училишниот и наставниот кадар се соочува со ситуација која не само што оневозможува настава со физичко присуство туку е карактеризирана и со голема неизвесност. Притоа, креирањето на план за алтернативна онлајн настава во прв момент е „подвижна мета" бидејќи во тој момент никој во училиштето, ниту во земјата, па и во светот не може со сигурност да предвиди како ќе се движи состојбата и колку долго ќе трае потребата од настава без физичко присуство. Оттука, со прекинот на наставата на површина излегува слабоста на целокупниот образовен систем заедно со многуте проблеми кои претходно биле вешто занемарувани. Одеднаш до израз доаѓа недоволната техничка опременост на училиштата, ниската информатичка писменост на професорите, но и на дел од учениците, а посебно до израз доаѓаат и социјалните проблеми на семејствата на учениците кои не секогаш се во можност да обезбедат пристап до интернет и соодветна информатичка опрема за учениците. Притоа, државата и општината не обезбедуваат директна финансиска поддршка за најзагрозените.

Од училиштето велат дека се навремено информирани и дека мерките им се од помош иако некогаш креираат неразумен притисок врз вработените. Исто така во однос на комуникацијата со министерството, училишниот кадар забележува дека комуникацијата со министерството е еднонасочна, дека тие никогаш не се консултирани ниту пак учествуваат во носењето на одлуки. Ова било особено изразено со насоките за скратувањето на наставната програма, кои според повеќето од интервјуираните било направено паушално и за кое досега имало повеќе поплаки од страна на наставниците.

---

[1] На 23 март 2020 година, Владата на Република Северна Македонија донесе уредба со законска сила за примена на законите за основно и средно образование за време на вонредна состојба предвиде наставата во основните и средните училишта да се организира преку далечинско учење, односно учење од дома, со примена на средства за електронска комуникација. Согласно Планот за одржувањето на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година, ваквиот начин на настава продолжи и во следната учебна година која започна со еден месец задоцнување во октомври 2020 година.

*„Насоките ни ги праќаа по е-маил. Во 12 на пладне ќе ни пратат е-маил и ќе ни речат дека периодот за спроведување е до утре. Тоа не ставаше во непотребно непријатна ситуација бидејќи немавме доволно време да направиме анализа и да се организираме на најдобар начин.”*[2]

*„Реално, [во однос на креирањето на политики] нема начин на кој би можеле да искомуницираме [со МОН и другите креатори на политики] и да добиеме некоја повратна информација. Со писмо или нешто слично, никој нема да те слушне. Треба да земеме да штрајкуваме за некој навистина да ни обрне внимание.”*[3]

Од секторот за образование во општина Гостивар велат дека имаат редовна комуникација со директорите училиштата на нивната територија и дека се во тек со сите предизвици со кои што се соочувале училиштата. Слично како и од училиштето, и тие забележуваат дека комуникацијата со Министерството за образование и наука е еднонасочна и дека немале можност да бидат вклучени во креирањето на документите кои ја регулираат наставата на далечина. Дополнително, поради тоа што општината е водена од тн. „опозициски градоначалник”, комуникацијата со МОН, особено на почетокот од пандемијата била нарушена поради што тие велат дека не може да се пофалат со многу добра соработка со централната власт. Тие исто така забележуваат дека во владините мерки биле директно комуницирани со директорите на училиштата и со градоначалникот но не и со релевантните сектори за образование во општините, поради што честопати се соочувале со ситуации да дознаваат за горенаведените документи од самите директори на училишта[4].

Наодите понатаму укажуваат дека граѓанскиот сектор иако традиционално присутен во Гостивар, не бил во состојба позначајно да влијае врз новонастанатата состојба бидејќи и тие како и сите други биле затечени од неизвесноста што со себе ја донесе пандемијата. Од локалниот огранок на Унијата на средношколци забележаа дека на почетокот на пандемијата, слично како и општината, и тие ограничена комуникација со МОН, која потоа се интензивирала со новиот состав на Владата и промената на раководството во ова Министерство по парламентарните избори во јули 2020. Притоа, Унијата на средношколци се залагала за комбинирана (хибридна) форма на настава и излегла со повеќе предлози за тоа како истата може да биде организирана но тие предлози не биле прифатени и наставата продолжила да се одржува во целост онлајн. Дополнително, неколку локални граѓански организации во соработка со општината биле

[2] Интервју бр. 1 со претставник на училишното раководство спроведено на 2.3.2021.

[3] Интервју бр. 3 со претставник на училишното раководство спроведено на 2.3.2021.

[4] Интервју бр. 11 со претставник од Општина Гостивар спроведено на 29.4.2021.

вклучени во обезбедување на помош за социјално загрозени ученици во форма на обезбедување на уреди за следење на онлајн настава (телефони, таблети и лаптопи). Биле организирани и неколку работилници за психолошка поддршка за млади и за лица со попреченост. Исто така една организација одржувала и информатички обуки за дел од наставниот кадар во училиштето.

# ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБАТА ВО ПРВИТЕ МЕСЕЦИ ПО ПРЕКИНОТ НА НАСТАВАТА (МАРТ-ЈУНИ 2020)

Интервјуираниот училишен и наставен кадар беше едногласен дека во текот на првите неколку недели по прекинот на наставата со физичко присуство се соочиле со голем предизвик како да ја продолжат наставата по алтернативен, дигитален пат. Клучен проблем во прв момент била недоволната информатичка писменост на наставниците, како и недоволниот пристапот на учениците и професорите до информатичка опрема и интернет.

*„Постоеја повеќе технички предизвици, пред се за повозрасните наставници. Знаете, иако децата пораснаа со овие технологии, со социјалните медиуми, за мене и за моите колеги сите овие работи беа нови и прилагодувањето ни претставуваше тешкотија.“*[5]

*„Првите две недели не знаевме што да правиме и колку ќе трае прекинот. Потоа сфативме дека ќе одиме онлајн... Ние претходно не им дозволувавме телефони и таблети и од еднаш се упативме преку телефон или компјутер да држиме час. Е тоа беше навистина голем контраст.“*[6]

*„На почетокот сите бевме во еден голем хаос. Имаше невоедначеност, немаше координација и секој си тераше како мисли.“*[7]

5 Интервју бр. 6 со професор(ка), спроведено на 10.3.2021.

6 Интервју бр. 8 со професор(ка) спроведено на 15.3.2021.

7 Интервју бр. 5 со професор(ка), спроведено на 9.3.2021.

Во овој период и учениците забележуваат дека професорите тешко се снаоѓале и дека целиот процес изгледал „аматерски" и хаотично. Тие велат дека во првите неколку недели повеќе од половина од учениците не се вклучувале поради технички проблеми, пред се поради недоволно добра интернет врска, недостаток на адекватни уреди за следење на наставата и сл. Бидејќи првичните очекувања биле дека прекинот на наставата ќе биде само краткотраен и дека нема да има вистинска потреба од учење на далечина, најголем дел од учениците биле несериозни и не вложувале голем напор за наставата да биде успешна.[8]

Дополнително, освен професорите, со предизвици се соочиле и самите ученици, кои и покрај подобрите информатички познавања сепак немале искуство он лајн настава, а дел од нив никогаш не користеле информатичка технологија за посериозни цели надвор од користењето на социјални медиуми за забава и разонода.

*„На почеток беше многу тешко бидејќи нашите ученици никогаш не го користеле интернетот за работа и учење. Првите два месеци сета таа онлајн настава не беше сериозно сфатена ниту од нивна а ниту од моја страна."*[9]

*„Дел од учениците никогаш немаа користено електронска пошта, нешто што ние повозрасните, и покрај нашите ограничени познавања, веќе одамна користиме."*[10]

Освен очигледните предизвици поврзани со недостатокот на информатички вештини и познавања, постоеле и социо-економски предизвици бидејќи имало повеќе случаи каде што ученици немале адекватна информатичка опрема или пак пристап до интернет. Со слични проблеми се соочиле и дел од професорите кои и самите се родители на едно или повеќе деца и кои исто така немале доволно компјутери за да може да држат настава паралелно со наставата на нивните деца. Исто така, професорите забележуваат дека голем број ученици имаат проблем да најдат соодветен простор за да следат настава во домашни услови во услови кога и другите членови на семејствата се дома и учат и/или работат од дома. Иако МОН во повеќе наврати побарало статистички информации за бројката на ученици кои не се во можност да следат настава заради немање на соодветна опрема, училиштето не добило никаква поддршка од страна на државата за да може да помогне на најзагрозените случаи. И покрај ваквиот недостаток на директна материјална поддршка од клучните институции, училиштето добивало скромни донации во информатичка

8 Фокус група бр. 2, спроведена на 31.3.2021.

9 Интервју бр. 9 со професор(ка), спроведено на 16.3.2021.

10 Интервју бр. 10 со професор(ка) спроведено на 16.3.2021.

опрема од приватни лица и фирми која потоа ја распоредувале на учениците кои имале социо-економски проблеми при што предност добивале оние ученици кои и претходно покажувале потенцијал и желба за настава.

Интервјуираните забележаа дека на почетокот постоела голема неизвесност околу тоа колку ќе трае прекинот на наставата со физичко присуство и како истата да продолжи по дигитален пат. Дополнително, наставниците се пожалија дека на почетокот немале јасни насоки како да функционираат. Набргу по прекинот на наставата тие сфатиле дека ќе мора да импровизираат за да останат во контакт со учениците.

*„На почеток имаше неизвесност како ќе се одвива наставата. Сите бевме дома и се чекаше насока од министерството. Кога дадоа првични насоки дека може да користиме социјални мрежи, вибер, месинџер, почнавме нив да ги користиме. Насоките беа секој да си формира група со учениците и да се дадат насоки што да работат.... Ама тоа беше буквално импровизирање. Што може да се спаси, да се одржи наставата, но и да се задржи моралот. [...] Важно ни беше да имаме контакт со учениците и тие да бидат ангажирани.“*[11]

*„Се најдовме во една, така да речам, анархична ситуација, каде што постоечките правила повеќе не важеа а немавме никакви насоки како да продолжиме.“*[12]

*”На почеток постоеше големо разногласие, добивавме различни информации, насоките се менуваа „во од” а имаше и доста дезинформации.”*[13]

Може да се утврди дека во првите неколку недели по прекинот на наставата во физичко присуство, и покрај обидите да се одржи контакт со учениците, наставниот процес бил сериозно нарушен поради општата неизвесност, немањето јасни насоки или ниската технололошка подготвеност за настава на далечина. Дополнително, на површина почнале да излегуваат и другите предизвици поврзани со самата организација и динамика на наставата на далечина.

Сепак после првичниот шок, наставниците релативно брзо почнале да наоѓаат начини како да се справат со ново настанатата ситуација. И покрај тоа што немало прецизни насоки од страна на МОН и Бирото за развој на образованието, тие почнале да држат часови со помош алтернативни комуникациски канали. Во тоа помогнало и училиштето кое организирало обуки за наставниците за да се обезбеди минимално воедначен пристап.

---

11 Интервју бр. 9 со професор(ка), спроведено на 9.3.2021.

12 Интервју бр. 2 со претставник на училишното раководство спроведено на 2.3.2021.

13 Интервју бр. 6 со професор(ка), спроведено на 10.3.2021.

*„Беше навистина стресно првите две недели. Се обидувавме да останеме во комуникација. Искрено, на почетокот ми беше тешко но како одминуваше времето почнав да добивам самодоверба. Го прифатив новиот начин и го добиваме приближно истиот ефект како во физичка настава. Мислам дека до крајот на годината над 90% од учениците активно се вклучија во реализација на нивните обврски."*[14]

*„Не беше многу стресно. Јас брзо се прилагодив. Можам да изразам задоволство со повратната информација од учениците. Задоволна сум од она што го постигнавме. Од оваа година уште подобро е, беспрекорно функционираме, немам изгубен час, ни стига време и добро се снаоѓаме."*[15]

*„Секој ден со колеги зборувавме како да бидеме подобри и да ги искористиме нашите вештини за да останеме во контакт."*[16]

*„Сите насоки беа веднаш споделувани до сите наставници. Во однос на поддршка нашите информатичари не обучуваа нас и од нив имавме најголема поддршка. Понатаму, најголема поддршка си бевме самите на себе бидејќи со колегите самите си споделуваме искуства и сознанија. [...] Имаше некои насоки надворешни но тоа се менуваше многу често и контрадикторно. Ќе ни дадеа една насока, па после друга насока и сл."*[17]

14 Интервју бр. 7 со професор(ка), спроведено на 11.3.2021.

15 Интервју бр. 5 со професор(ка), спроведено на 9.3.2021.

16 Интервју бр. 8 со професор(ка), спроведено на 15.3.2021.

17 Интервју бр. 4 со професор(ка), спроведено на 9.3.2021.

# ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБАТА ВО НОВАТА УЧЕБНА ГОДИНА 2020-2021

Наставата на далечина добива значајно посинтетизирана форма со почетокот на новата учебна година (која почна во октомври 2020 г.) и воведувањето на Националната платформа за учење на далечина.[18] Иако ваквата платформа, според повеќето интервјуирани наставници, беше воведена со големо задоцнување и до ден денешен е неупотреблива како медиум преку кој ќе се води наставата, сепак сите се согласни дека таа обезбедува подобра организираност на наставата и пропратните активности како што е оценувањето и евиденцијата на присуство. Исто така, во новата учебна година кадарот влегува со многу подобра подготвеност за користење на онлајн алатките што делумно се должи на веќе стекнатото искуство но и на обуките кои биле одржувани во последните моменти пред почнувањето на новата учебна година. Дополнително, наставата е помогната од сега веќе воспоставените интерни процедури (куќен ред на училиштето), како и документите од МОН и Бирото за развој кои даваат дополнителни насоки како да се одвива наставата и оценувањето.

Ваквите опсервации беа потврдени и на двете фокус групи со ученици кои забележуваат дека и покрај првичниот хаос, како одминувало времето а особено со почетокот на новата учебна година професорите станале многу повеќе „воиграни", нивните информатички вештини се подобриле и наставата, барем од технички аспект, функционира непречено и редовно.

Сепак, и покрај евидентниот напредок, речиси сите интервјуирани наставници имаат забелешка дека во текот на летниот распуст се изгубило драгоцено време за подобро организирање на наставата.

*"Во текот на распустот секој ден се прашувавме како ќе се одвиваат работите во новата (учебна) година. Сите ги чекаа изборите: нека поминат изборите па ќе видиме. [...] Многу работи ќе се организираа на подобро доколку беше јасна политичката ситуација."*[19]

[18] Национална платформа за учење на далечина: https://schools.mk/

[19] Интервју бр. 4 со професор(ка), спроведено на 9.3.2021.

Професорите имаа забелешки околу организираноста на обуките за користење на националната платформа кои биле спроведени во последен момент пред почетокот на учебната година и не биле доволни за дел од наставниот кадар кој имал тешкотии со користење на информатичка опрема. Тие забележаа дека обуката се одвивала во просториите на училиштето, при што заради преоптовареност на мрежата имале проблем со интернет врската.

Во однос на комуникацијата помеѓу училиштето и самите ученици, педагошко-психолошката служба забележува дека и покрај изгубениот физички контакт со учениците, се направиле напори да се остане во контакт со учениците, особено со оние на кои им била потребна педагошко/психолошка поддршка и во таа насока тие велат дека комуникацијата дури и се подобрила. Педагогот и психологот забележуваат дека сега за разлика од претходно кога нивните работни задолженија во голема мера биле различни од она што тие изворно (и по систематизација) треба да го прават, сега нивната улога во пружање поддршка и на учениците но и на професорите е многу поизразена. Сепак и покрај ваквите напори од страна на училишниот персонал, учениците забележуваат дека пандемијата и намалените социјални контакти значително се одразуваат врз нивните животи и нивното ментално здравје. Дел од нив истакнуваат дека се демотивирани и дека не чувствуваат поддршка од страна на училиштето или пак од било кој друг општествен чинител. Ваквата состојба не само што негативно се одразува на нивното учење туку и на целокупниот нивен живот во секогаш специфичните тинејџерски години.[20]

## ГЛАВНИ ПРЕДИЗВИЦИ НА НАСТАВАТА НА ДАЛЕЧИНА

Она што може да се забележи како главен негативен аспект од наставата на далечина е недостатокот на двонасочна интеракција. Имено, бидејќи учениците најчесто не ги вклучуваат своите камери, наставниците немаат доволно повратни информации од страна на учениците за тоа како и колку го прифаќаат и разбираат наставниот материјал. Ваквиот недостаток е особено изразен во класовите од првата година каде што професорите немале шанса да ги запознаат учениците преку претходна настава со физичко присуство. Дополнително, дел од професорите забележаа дека ваквата настава креира апатичен однос кај најголем дел од учениците, кои се доминантно незаинтересирани.

20 Фокус група бр. 1, спроведена на 10.3.2021.

*„Децата се во адолесценција и не им се седи пред компјутер, не им држи вниманието... Ние како професори многу тешко можеме да одржиме дисциплина и внимание. За да имаат успех онлајн предавањата мора родителите да им стојат на глава... ако не ги будат не се на време. [...] Мораме многу со родителите да работиме бидејќи тие апсолутно не се во тек што прават децата.”*[21]

*„Сега учениците се навикнаа на ситуацијата и изнаоѓаат начин да го заобиколат системот. Едноставно сега знаат кој професор како работи колку треба да бидат вербално и психички присутни. [...] Од седум часови во денот тие ќе следат три часови во целост а другите со паузи. Особено е тешко е да задржат внимание ако професорот држи монотоно предавање. Ваква настава може да оди само на кратко ама не и цела школска година. [...] Онлајн настава добро функционира за доброволно учење ама класично школско (задолжително) образование е сосема друга динамика.”*[22]

*„Учениците во секој момент може да се оправдаат дека интернетот е лош или дека имаат некој технички проблем и ние никогаш не сме сигурни дали е тоа веродостојно или не.”*[23]

Дел од учениците се согласуваат дека исклучените камери се главен ограничувачки фактор за природниот тек на наставата. Тие забележуваат дека доколку камерите на сите учениците се вклучени тоа ќе обезбеди подобра и поприродна комуникација како и повисоко ниво на внимание и посветеност на учениците. Овие ученици исто така објаснуваат дека постои негативно групно влијание (peer pressure) да не се вклучуваат камерите и ретко кој се осмелува да го скрши мразот: „тоа е како едно оро, секој игра на ист начин и ако камерите се исклучени, никој нема да се осмели да пушти камера.”[24]

Од друга страна, друга група на ученици забележаа дека постојат објективни и субјективни причини за овој феномен, бидејќи често пати техничките можности не го дозволуваат тоа (слаба интернет врска) или пак учениците не се чувствуваат пријатно пред камера бидејќи се дома и во позадина можеби има други членови од семејството.[25]

21 Интервју бр. 10 со професор(ка), спроведено на 16.3.2021.

22 Интервју бр. 9 со професор(ка), спроведено на 16.3.2021.

23 Интервју бр. 8 со професор(ка), спроведено на 15.3.2021

24 Фокус група бр. 2, спроведена на 31.3.2021.

25 Исто.

*„Учениците некогаш не пуштаат камера бидејќи се срамат. Децава се во пубертет па се срамат од промените на својот физички изглед и треба да се разбере дека некогаш не сакаат да пуштат камера. И тоа многу зависи и од нивната мотивација да го следат професорот. Тој/таа треба да обезбедат проактивен ангажман за да ги мотивираат учениците да бидат поангажирани."*[26]

Овие проблеми се дополнително изразени кога станува збор за оценувањето. Професорите се жалат дека немаат целосен увид во ангажманот на учениците, особено на тие од прва година со кои немаат претходни искуства и се свесни дека учениците наоѓаат различни начини да го злоупотребат процесот на оценување.

*„Оценувањето е проблем број еден. Сега оценувам необјективно... Препишуваат и јас се обидувам да ги оценам според активност на час... Немам увид кој колку сработил. Гледам да ги индивидуализирам задолженијата за да видам кој како работи и каква повратна информација ќе добијам.. Ама знам дека пропуштам многу."*[27]

*„Прогледуваме низ прсти и ставаме многу преодни оценки за да не ги оставиме на класен испит."*[28]

Дополнително, со онлајн наставата до израз доаѓа и проблемот со професори кои недоволно се ангажирани во предавањето на своите предмети и за кои сите во училиштето знаат „не си ја вршат работата како што треба".[29] Ваквите професори иако според наодите не се многу во споредба со мнозинството кое ажурно си ги извршува задачите, сепак негативно влијаат врз наставата и целокупното ученичко задоволство. Од училишното раководство забележуваат дека тоа се професори со договори на неопределено време, кои се најчесто неколку години пред пензија за кои училиштето во пракса нема никаков механизам да ги поттикне да бидат поангажирани или пак да ги санкционира доколку постојат поплаки од учениците дека часовите не се добро организирани.[30]

Добар дел од професорите забележуваат и дека скратувањето на наставната програма по нивните предмети изгледало избрзано и „механички" без притоа да се земе предвид важноста и поврзаноста на наставните содржини. Од друга страна, и покрај насоките за скратување

[26] Интервју бр. 4 со професор(ка), спроведено на 9.3.2021

[27] Интервју бр. 5 со професор(ка), спроведено на 9.3.2021

[28] Интервју бр. 1 со претставник на училишното раководство спроведено на 2.3.2021.

[29] Исто.

[30] Интервјуа бр. 2 и 3 со претставници на училишното раководство спроведени на 2.3.2021.

на наставната програма, повеќето наставници правеле модификации на тие планови и се труделе да ги коригираат евентуалните нелогичности кои произлегле од тие скратувања за да обезбедат што е можно подобар и поконзистентен наставен план. Исто така, поголем дел од наставниците се согласуваат дека скратувањето на часовите на 35 минути е добар потег со кој се обезбедува поконцентрирано внимание на учениците во пократок временски период. Сепак, дел од наставниците забележаа понекогаш имаат проблеми да го покријат целиот материјал во само 35 минути, особено ако сакаат часот да биде интерактивен и во него да бидат вклучени што е можно повеќе ученици.

Скратувањето на часовите е еден од факторите кои според дел од учениците влијаеле негативно врз квалитетот на наставата бидејќи често пати тие 35 минути не се доволни особено ако професорите не го користат времето рационално. Неколку ученици се пожалија дека дел од професорите трошат премногу време на ажурирање на присуството (за кое патем имаат електронска евиденција) или пак на „банални муабети" неповрзани со наставната содржина. Исто така, учениците се пожалија дека се уште постојат наставници кои ги читаат лекциите без да внесат никаков личен или креативен печат во часот и тие часови мошне монотони и тешки за следење.[31] Дополнително, тие забележуваат дека треба да се обрне поголемо внимание во анимирање на повлечените ученици кои во овие услови на онлајн настава се запоставени и воопшто не учествуваат активно во наставниот процес.[32]

## ГЛАВНИ ПРЕДНОСТИ НА НАСТАВАТА НА ДАЛЕЧИНА

Покрај негативните аспекти од наставата на далечина, постојат и повеќе позитивни аспекти кои досега во јавниот дискурс се релативно занемарени и недоволно истакнати. Имено, наставниот кадар забележа дека и покрај тоа што во онлајн наставата недостига двонасочната комуникација, сепак таа исто така може да биде интерактивна доколку се охрабрат учениците да истражат на интернет и сами да дојдат до податоци поврзани со наставната материја.

[31] Фокус група бр. 2, спроведена на 31.3.2021.

[32] Фокус група бр. 1, спроведена на 10.3.2021.

*„Онлајн наставата знае да биде и поатрактивна од обичната, бидејќи учениците сега може да пребаруваат по интернет [за наставните содржини] и тоа им ги шири хоризонтите.“*[33]

*„Тие што учат со физичко присуство учат и онлајн. Учениците сфатија дека ваквиот тип на настава е за нивно добро и сега навистина се трудат.“*[34]

Притоа, освен што учениците учат како да го користат интернетот за да ги прошират своите хоризонти, придобивка често пати имаат и професорите кои истакнаа дека ваквиот начин на настава влијае позитивно врз креативноста на часовите. И покрај претходните обиди за дигитализација на наставата најголем дел од наставниците претходно не користеле никакви информатички алатки и во тој контекст може да се забележи дека онлајн наставата значително ги подобрува нивните информатички способности и обезбедува забрзана дигитализација на наставниот процес.

*„Мене лично ми одговара оваа платформа бидејќи има многу опции за настава по странски јазик. Информациите ни се достапни веднаш преку интернет пребарувачите. Во тој дел мене техниката ми се допаѓа бидејќи се ми е достапно на еден клик. И лесно е да се анимираат учениците. [...] Имаме среќа што ова се ни случи сега кога технологијата е толку напредната. Доколку ова се случеше во 90тите години [кога технологијата се уште не беше толку напредна и достапна] ќе беше невозможно да продолжиме со настава.“*[35]

*„Јас се обидувам да бидам креативна, да им пуштам видеа, исечоци од претстави за кои потоа дискутираме и гледам дека тоа им го задржува вниманието. [...] Дури некогаш си велам, сега во училиште да бевме поограничена ќе бев. Сега ми се одврзани рацете и имам поголем простор за креативност. Мене ми е баш погодено ова и ќе ми недостасува овој тип на настава.“*[36]

Слични оптимистички опсервации има и од страна на педагошко психолошката служба кои забележуваат дека поради ново настанатата ситуација професорите се поангажирани и обрнуваат повеќе внимание во организирањето на наставата. Тие се исто така поажурни и поредовни на наставничките колегиуми а забележителна е и повисока соработка помеѓу нив и педагошко-психолошката служба. Причината за ова може да се најде во претпоставката дека сега, заради новонастанатата ситуација,

33 Интервју бр. 10 со професор(ка), спроведено на 16.3.2021

34 Интервју бр. 5 со професор(ка), спроведено на 9.3.2021.

35 Интервју бр. 4 со професор(ка), спроведено на 9.3.2021.

36 Интервју бр. 5 со професор(ка), спроведено на 9.3.2021.

професорите се излезени од својата редовна „зона на комфорот", имаат интерес и потреба за поинтензивна меѓусебна соработка, често разменуваат искуства и повеќе се трудат да придонесат кон остварувањето на наставата. Од педагошко-психолошката служба наведоа и дека поради фактот што професорите се свесни дека онлајн предавањата може да бидат во еден момент следени и од родителите, тие се и попрофесионални во комуникацијата со учениците.

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Целта на оваа студија беше да прикаже како се одвива онлајн наставата на далечина во Средното општинско училиште – Гостивар од перспектива на учениците и професорите. Со ваквиот пристап оваа локална студија на случај обезбедува додадена вредност на националната студија и придонесува кон подетален приказ на клучните предизвици во наставниот процес во текот на пандемијата. Студијата не само што ги исцртува контурите на главните проблеми и предизвици на онлајн наставата, туку исто така става акцент и досега релативно занемарените, позитивни аспекти од онлајн наставата.

Наодите укажуваат дека училиштето се соочува со најголеми проблеми на почетокот од онлајн наставата. Професорите биле препуштени сами на себе и морале да импровизираат за да останат во контакт со учениците и да ја комплетираат учебната година, а голем дел од нив ги немале потребните информатички познавања. Исто така, значителен дел од учениците немале адекватен пристап до интернет или информатички уреди за непречено следење на наставата. Со текот на времето голем дел од овие проблеми се надминати, но онлајн наставата и денес ја карактеризираат неколку значајни проблеми во прв ред поврзани со реткото вклучување на камерите што ја оневозможува вербалната комуникација, како и со недоволно објективното оценување. Сепак, и покрај овие проблеми, наставата на далечина донесе драстично подобрување на информатичките вештините на наставниот кадар и внесе многу новини во наставата кои треба да се искористат и во иднина. Наодите укажуваат дека во изминатата година, професорите излегоа надвор од својата зона на комфор и значајно го унапредија својот креативен пристап во организирање на часовите.

Искуството од справувањето со прекинот на наставата со физичко присуство и спроведувањето на онлајн настава покрај тоа што беше голем шок за целокупниот образовен систем претставува и можност за значајна реформа на образованието. Иако оваа студија црпи информации од само едно училиште, истата може да обезбеди поширок спектар на препораки за подобрување на средното образование не само на локално туку и на централно ниво. Дополнително, поради тоа што средните училишта зависат од повеќе централни и локални чинители, препораките од оваа студија се однесуваат не само на училиштата туку и на надворешните чинители во прв ред Министерството за образование и граѓанскиот сектор. Во идниот период потребно е сите засегнати страни да го вложат својот максимум за да се искористи моментумот што го креираше пандемијата од КОВИД–19 и забрзаната дигитализација на наставата.

1. Владата и Министерството за образование и наука треба да обезбедат значителни материјални средства во подобрување на информатичката инфраструктура во училиштата. По крајот на пандемијата и враќањето на учениците во училишните клупи, училиштата мора да имаат пристап до стабилна и брза интернет врска која во иднина ќе може да биде користена истовремено од сите присутни ученици и професори. Дополнително, треба да има вложувања и во информатичка опрема не само во рамките на училиштата туку и во преносна опрема за професорите и за учениците чии што семејства се соочуваат со финансиски потешкотии. Ваквите вложувања треба да одат паралелно со вложувањата во физичка инфраструктура кои се често недоволни за да се обезбедат пристојни услови за настава со физичко присуство.

2. Министерството за образование и наука, но и другите засегнати страни, а пред се граѓанскиот сектор, треба да се вклучат во континуирано усовршување на наставниот кадар не само во насока на градење на капацитетите за понатамошна дигитализација на наставата туку и за обезбедување на поголема креативност на наставата. Професорите треба редовно да посетуваат обуки и да бидат поттикнати индивидуално да се усовршуваат преку систем на награди и стипендии.

3. Потребно е да се изградат построги механизми за контрола на квалитетот на наставата. Наодите укажуваат дека иако во помал број, постојат професори чии што предавања се далеку под посакуваниот просек и притоа училишното раководство и покрај свесноста за овој проблем, нема механизми како да влијае врз или во крајна линија да го санкционира ваквото однесување Оттука, во најмала рака треба да се изгради механизам на евалуација на професорите каде што учениците ќе имаат можност анонимно да ги оценуваат професорите, при што резултатите од ваквата евалуација ќе бидат јавно објавувани секое полугодие. Ваквата

евалуација ќе им даде глас на учениците а ќе обезбеди и поголем мотив за професорите континуирано да се усовршуваат и докажуваат.

4. Потребно е да се обезбеди двонасочна комуникација на сите нивоа. Иако брзото и недоволно инклузивното носење на политики во време на вонредна состојба и пандемија е до некаде разбирливо, потребно е целокупниот образовен систем да се насочи кон поинклузивно креирање политики базирано на сеопфатна проценка на влијание на регулативата. Сегашната еднонасочна комуникација „од врвот надолу" треба да се замени со двонасочна комуникација каде што сите засегнати страни а пред се учениците и професорите, ќе имаат можност активно да учествуваат во креирањето на јавните образовни политики. Дополнително, ваквата двонасочна комуникација треба да обезбеди и поголемо вклучување на родителите/старателите на учениците.

5. Училиштата треба да имаат проактивен пристап во мобилизирање на средства (fundraising) од локалната заедница и меѓународните донатори. Наодите укажуваат дека проблемите со кои се соочија училиштата и учениците во текот на пандемијата поттикнаа поголема иницијативност и поголема солидарност од страна на граѓаните и бизнисите да им излезат во пресрет на училиштата и учениците. Ваквата тенденција за директна помош и соработка помеѓу локалните чинители и училиштата треба да продолжи и дополнително да се охрабри бидејќи таа не само што може да придонесе кон решавање на одредени технички или инфраструктурни проблеми со кои се соочуваат училиштата туку и да обезбеди подобра соработка помеѓу локалната заедница и училиштето.

6. Различните услови на локално ниво треба да придонесуваат кон креирање на специфични решенија и пристапи. На пример: доколку временските услови дозволуваат, наставниците може да организираат средби на отворено со цел да се запознаат со своите ученици и да ја одржат и зајакнат комуникацијата.

